Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број:_~~08-469/5~~ 08-10/1
13-01-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-469 од 07.09.2022 година, поднесена од [redacted] со место на живеење [redacted] Скопје и [redacted] со место на живеење [redacted] Шуто Оризари, Скопје, против Медицинскиот факултет при УКИМ, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 11.01.2023 години, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката со бр. 08-469 од 07.09.2022 година, поднесена од [redacted] **поради неуредност.**

### Образложение

На 07.09.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за сторено директна дискреминација од страна на подносителот [redacted] против Медицинскиот факултет при Универзитетот св. Кирил и Методиј - Скопје.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 14.09.2022 година и на 06.12.2022 Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, до подносителот достави барање за доуредување на претставката со бр. 08-469. **Со барањето подносителот беше задолжен да ја доуреди претставката, во насока што ќе ја наведе адресата на потенцијалниот дискриминатор.**

Подносителот не ја доуреди претставката во законски предвидениот рок, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]